РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISE SE VERIUT
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ
AGJENCIA PER SHERBIME MEDIATIKE AUDIO DHE AUDIOVIZUELE
Број: / Numer: 03-1325/1
20.03.2024 година / viti
СКОПЈЕ - SHKUP

**До: ДРЖАВНА ИЗБОРНА КОМИСИЈА**

**Предмет: Петти седумдневен извештај на Агенцијата**

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА-СКОПЈЕ
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT-SHKUP
ДРЖАВНА ИЗБОРНА КОМИСИЈА
KOMISIONI SHTETËROR I ZGJEDHJEVE

| Примено: E Pranuar: | 20.03.2024 | | |
|---|---|---|---|
| Орг.един. Nj. org. | Број: Numri: | Прилог: Shtojca: | Час: Ora: 12:00 |
| | | | |

Почитувани,

Согласно обврската од член 76-в став 2 од Изборниот законик и Меморандумот склучен меѓу нашите институции на 04.02.2016 година, Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги го доставува петтиот седумдневен извештај што се однесува на периодот од 13 до 19 март 2024 година.

Во него Ве информираме дека:

На 15 март 2024 година, Агенцијата го објави првиот извештај од мониторингот на медиумското претставување во предизборниот период за претстојните Претседателски и Парламентарни избори, што се однесува на периодот од 15 февруари до 7 март 2024 година. Во овој Извештај не беа констатирани прекршувања на одредбите од Изборниот законик. Наодите од мониторингот се достапни на веб страницата на Агенцијата во посебниот банер насловен ИЗБОРИ 2024, а преку соопштение, за нив беше информирана и пошироката јавност.

Истиот ден, во Агенцијата се одржа втор консултативен состанок со институциите кои имаат надлежности поврзани со изборите, на кој овојпат присуствуваа претставници на ДИК и на ДЗР, во контекст на подготовка на упатство за радиодифузерите за примената на неколку одредби од Изборниот законик во услови на преклопување на изборните кампањи за претстојните два изборни процеси.

На 18 март 2024 година, Агенцијата испрати известување до Јавниот радиодифузен сервис и до приватните телевизии што емитуваат програма на државно ниво, за последните измени и дополнувања на Изборниот законик во врска со обврската за обезбедување пристапни програми за време на изборите.

Со почит,

Агенција за аудио и аудиовизуелни
медиумски услуги
Директор,

д-р Зоран ТРАЈЧЕВСКИ

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

**ул. Македонија бр.38
1000 Скопје**